**Упатство за пациентот**

**НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2%, капки за око, раствор**

**sodium cromoglicate**

**Прочитајте го внимателно упатството пред да почнете да го земате лекот, бидејќи содржи важни информации за вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек ви е препишан вам лично и не смеете да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како и вашите.
- Доколку некои од несаканите дејства станат сериозни или доколку забележите несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, ве молиме информирајте го вашиот лекар.
- Доколку не ви е подобро или ви е полошо, морате да се обратите кај вашиот лекар

Состав на активни супстанци: 1 мл раствор содржи 20 мг натрии хромоглицат

Состав на помошни супстанци: безалкониум хлорид, натриум хлорид, динатриум едетат, вода, пречистена.

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет:**

Септима дооел ул. Христо Татарчев 13 бр. 9,

Скопје, Р.Македонија

**Производител:**

УНИМЕД ПХАРМА, Ориешкова 11, Братислава, Република Словачка.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP · СКОПЈЕ

## 1. ШТО Е НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2% И ЗА ШТО Е НАМЕНЕТ?

Состав

1мл раствор 20 мг натриум хромогликат.

Помошни супстанции: безалкониум хлорид, натриум хлорид, динатриум едетат, вода, пречистена.

Пакување

Вкупно 10 мл. шишенце со капалка, 1џ 10 мл.

Натријум хромогликат, капки за око, раствор,10 мл (20 мг/мл),

Како НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2% делува?

НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2% капки за очи се користат за спречување и лечење на алергиски реакции на конјуктивата на окото, односно во профилакса и терапија на алергиски конјуктивитис. Овој лек најдобро делува кога се употребува превентивно , пред да настанат тегобите, но се користи и за смирување на тегобите.

Натриум хромогликат спречува ослободување на супстанции кои учествуваат во настанувањето на воспаленieто (хистамин и други) , што се појавуваат во конјуктивата на окото при контакт со алерген ( на пр. полен)

Кога се употребува НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2% ?

Профилакса (спречување на појава) и симптоматка терапија (намалување на симптомите) на акутни и хронични воспаленија на конјунктивата на окото кои настануваат при преосетливост на различни алергени (сезонски конјуктивитис, гиганто папиларен конјуктивитис, кератоконјујтивитис верналис и атописки кератоконјуктивитис).

Лекот може да го користат возрасни, адолесценти и деца постари од 4 години.

## 2. ШТО МОРАТЕ ДА ПРОЧИТАТЕ ПРЕД УПОТРЕБАТА НА ЛЕКОТ

***Известете го лекарот доколку земате други лекови, имате некоја хронична болест, некое пореметување на метаболизмот, преосетливи сте на лекови или сте имале некакви алергиски реакции.***

Кога не смеете да го земате лекот?

Доколку сте преосетливи на Натриум хромогликат (активна супстанца) или на било која друга компонента на производот.

Жени во текот на прво тромесечие од бременост.

Деца помлади од 4 години.

Предупредувања и мерки на претпазливост

Истовремено при користење на производот, пациентот не смее да носи меки контактни леќи( посебно хидрофилни). Во текот на третманот не би требало да се носат ни тврди леќи доколку е можно; како минимум потребно е да се извадат секогаш пред аплицирањето и да се вратат најрано 20 минути после капнувањето од производот.

Употреба во тек на бременост и доење

Пред да почнете да го користите Натриум хромогликат 2%, известете го лекарот дали сте бремени или планирате бременост.

Овој лек не смее да се користи во првото тромесечие на бременоста. Во второто и третотот тромесечие од бременоста и во периодот додека доите, лекот може да се користи, но само по

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

препорака на докторот кој внимателно ќе го процени односот на очекуванат корист и можниот ризик.

Влијани на психофизичката способност при управување на моторни возила и машини

Се смета дека Натриум хромогликат 2%, е безбеден кога е во прашање управување со моторни возила и ракување со машини. Сепак, непосредно после примена на овој производ може да дојде привремено заматување на видот во траење од 15 до 20 минути, па во тој период односно до нормализацијата на видот, не се препорачува управување на моторни возила и вршење на активности кои побаруваат зголемено внимание (на пример: управување на машини и работа на висина).

На што морате да внимавате доколку примате и други лекови

Имајте во предвид дека овие информации може да се однесуваат и на лекови кои повеќе не ги пиете, како и на лекови кои планирате да ги земете во иднина. Известете го својот лекар или фармацевт доколку земате или до неодамна веќе сте земале некој друг лек, вклучувајќи и лекови кои се земаат без лекарски рецепт.

Не се опишани штетни интеракции помеѓу Натриум хромогликат 2% и други лекови против алергија, без разлика дали се работи за капки за очи или за системска примена на тие лекови (на пример антихистаминици, вазоконстриктори, кортикостероиди).

Ако во терапијата се користат повеќе видови на капки за очи, потребно е да се обезбеди најмалку по 5 минути пауза помеѓу примената на поедините видови на капки.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2%

Лекарот секогаш ја одредува прецизната доза и периодот на терапија. За возрасни и деца над 4 години се капнува во конјуктивалната кеса на двете очи една до две капки, најмалку три до четири пати дневно со правилен интервал меѓу дозите ( најмалку четири часа).

Симптоматскиот одговор на терапијата (намалување на чешањето, солзењето, црвенило, секреција) вообичаено се постигнува во текот на првите неколку дена, меѓутоа некогаш е неопходна подолга примена до шест недели. Кога симптоматското подобрување биде постигнато , терапијата треба да се продолжи во текот на целокупниот период на изложеност на алергени.

Доколку е потребно , дозволена е истовремена употреба на кортикостероиди.

Доколку мислите дека НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2% делува премногу слабо или јако на организмот , обратете се на лекарот или фармацевтот.

Доколку сте земале повеќе лек од препишаното

Освен медицински надзор не се потребни други мерки.

Доколку сте заборавиле да го земете лекот

Никогаш не земајте дупла доза за да го надоместите лекот што сте го пропуштиле!

**4. НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ**

Како и сите лекови НАТРИУМ ХРОМОГЛИКАТ 2%, може да има несакани дејства. После примената може да се јави минливо црвенило, пецкање, чувство на боцкање или на страно тело во окото. Можна е и појава на реакција на преосетливост од некоја компонента од производот.

**5.ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА**

Производот треба да се чува на температура до 25°C. Да се чува заштитено од светлост.

После секоја апликација шишенцето веднаш да се затвори.

Рок на употреба

Две години. Лекот не смее да се користи после истекот на рокот на употреба кој е втиснат на пакувањето. После првото отварање на оригиналното пакување , лекот се користи најдолго 28 дена.

Начин на издавање на лекот

Лекот може да се издава без лекарски рецепт.

Посебни мерки за уништување на неупотребен или остаток од лекот

Неупотребениот лек се уништува во согласност со важечки прописи.

**Број и датум на решение во за ставање на лекот во промет:**

**Дата на последна ревизија на текстот**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ